

*Фотографијата за мене е дел од уметноста, преку неа може да се изразат многу чувства и емоции. Уживам кога фотографирам и себеси се гледам како успешен професионален фотограф.*

***Анета***



*Изучувањето на занаетот за мене значи лично надградување и осамостојување како и подобра иднина за мене и моето семејство. По завршување на обуката се гледам себеси како сопственик на фризерски салон кој би бил семеен бизнис.*

***Маја***



*Уште од мала сакав да готвам. Изучувањето на овој занает многу ме исполнува, ме прави среќна. Животен сон ми е еден ден да имам свој ресторан покрај море.*

***Елена***

*Изучувањето на овој занает беше моја желба која сега се претвори во реалност, реалност која ќе ми помогне да се вработам или да отпочнам сопствен бизнис.*
*Благодарна сум премногу што сум дел од овој проект.*

***Јасмина***











Проект „Преземи акција за подобра конкурентност на пазарот на труд“ финансиран од Европска унија, во рамки на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 (ИПА компонента 4).

# ПРЕЗЕМИ АКЦИЈА ЗА ПОДОБРА КОНКУРЕНТНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

„Оваа публикација е подготвена со подршка на Европска унија. Содржината на истата е единствена одговорност на Црвен крст на РМ и Занаетчиска комора на Скопје и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европска унија.“



Проект „Преземи акција за подобра конкурентност на пазарот на труд“ финансиран од Европска унија, во рамки на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 (ИПА компонента 4).

# ПРЕЗЕМИ АКЦИЈА ЗА ПОДОБРА КОНКУРЕНТНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД



Проектот е финансиран од Европската унија

Проектот е имплементиран од Црвен крст на РМ

Црвен крст на РМ
Kryqi i kuq i RM

Занаетчиска комора на град Скопје

Занаетчиска Комора Скопје

## *Проектни активности и постигнати резултати*

Црвениот крст на РМ во втората половина на месец декември 2015 година започна со реализација на проектот „Преземи акција за подобра конкурентност на пазарот на труд“, во партнерство со Занаетчиска комора на град Скопје, финансиран од Европска унија во рамки на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 (ИПА компонента 4), кој придонесува кон зголемување на учеството на долгорочно невработени лица на пазарот на труд со цел намалување на невработеноста.
Преку идентификација и селекција од вкупно 210 лица, беа избрани 40 долгорочно невработени лица од подрачјето на општините Кисела Вода, Ѓорче Петров и Гази Баба.

## Развој на социјални и професионални вештини

На почетокот со корисниците беа реализирани 3 дводневни обуки за унапредување на нивните социјални вештини кои беа подготовка, но и вовед во работилниците за личен раст и развој и обуките за занает. Реализирани беа 10 дводневни работилници за личен раст и развој кои влијаеа врз подигањето на нивната мотивација и зајакнувањето на нивните лични потенцијали и капацитети. На овие работилници се работеше и врз подигањето на нивната свест за важноста од преземањето на личната одговорност во подобрувањето на нивната економска состојба и состојбата на нивното семејство, но и во процесот на градење на професионална личност.
Паралелно со овие активности но и во текот на целиот проект за корисниците и членовите на нивните потесни семејства беа обезбедени психо - социјални услуги како одговор на нивните индивидуални потреби и потешкотии со кои се соочуваат, а истите всушност претставуваа еден важен сегмент од целокупната поддршка.
Со завршувањето на обуките за занает кои беа во времетраење од 3 и 6 месеци, 35 корисници успешно го положија завршниот испит.



Во завршната фаза на проектот се одржаа три тркалезни маси на локално ниво на тема „Можности и предизвици за вработување на социјално ранливи лица“. На тркалезните маси присуствуваа претставници од Министерство за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на РМ, општините, граѓански здруженија и други клучни актери и беа донесени заклучоци и препораки за понатамошно дејствување за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд и зголемување на можноста за вработување.

# Изјави на корисници

*Занаетот кој го избрав навистина го сакам и за мене значи можност за вработување.*

**Есмина**

*Обуките за занает се многу корисни за мене. Мило ми е што сум добро прифатен од вработените и што своето искуство во браварството несебично го споделуваат со мене. По завршување на обуката би сакал да продолжам да работам таму.*

**Гоце**



*Изучувањето на занаетот кроење и шиење за мене е нешто многу важно. Овој занает ми даде можност да ја истакнам својата креативност и можност да изработам производ кој е излезен од мои раце – мое дело. Можност за нов почеток и шанса за подобра финансиска состојба.*

**Тања**





Многу научив од вас, ви благодарам бидејќи сега повеќе се самовреднувам и ценам себеси и моите квалитети.

**Весна**

*Во текот на работилниците за личен раст и развој и обуките за пекар, јас станав сосема друга личност. Одговорна за работното место, самоуверена, комуникативна, пред се похрабра за да барам работа за разлика од претходно кога бев многу исплашена дека нема да успеам. Сега сум сигурна дека можам да бидам успешна личност.*

**Каролина**

Целиот процес многу позитивно влијаеше на мене, доколку би имало втор дел повторно би се приклучила со големо задоволство, а и се надевам на понатамошна соработка со тимот од Црвен крст.

**Славица**

*Филигранството како занает ми беше неостварена желба се досега. Овој занает ќе биде пресвртница во мојот живот и животот на моето семејство.*

**Катерина**





*За мене занаетот значи професионална надградба и насочување на истото кон отпочнување на успешен семеен бизнис.*

**Перса**



*Во склоп на претходниот и сегашниот работен ангажман (изработка на сувенири и работа во расадник за цвеќе) оваа надградба ми е добредојдена и со сертификатот со кој ќе се здобијам можам да го заокружам мојот професионален ангажман.*

**Горан**